МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Арх. Број:04- 8342/6
Датум:_____._____. 2026 година
22-05-2026

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022, 208/2024), државниот секретар на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за избор по интерен оглас бр.01/2026 за унапредување на административен службеник

1. По интерниот оглас бр.01/2026 за унапредување на администативен службеник во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, објавен на 08.05.2026 година на веб страната на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Агенција за администрација, на работно место Раководител на Сектор за Геологија, шифра на работно место УПР 01 01 Б02 000 се врши избир на следниот кандидат:

   - Кика Шпритова

2. Државниот секретар на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на известувањето за обезбедени финансиски средства, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини објави интерен оглас за унапредување на административен службеник бр.01/2026 кој беше објавен на web станата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Агенцијата за администрација, за работно место Раководител на Сектор за Геологија и шифра на работно место УПР 01 01 Б02 000. По спроведената постапка по интерниот оглас за унапредување на административен службеник бр.01/2026, Комисијата за селекција за унапредување на администратвни службеници во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини формирана со


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. „Македонија" бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.ea.gov.mk

Решение бр. 04-8342/1 од 15.05.2026 година спроведе административна селекција и изготви Записник заведен под бр. 04-8342/3 од 21.05.2026 година во кој е констатирано дека има аплицирано само еден кадиндат. По доставениот записник, државниот секретар со рангираниот кандидат спроведе интервју за што е подготвен записник со бр.04-8342/5 од 22.05.2026 кој содржи и финална ранг листа со предлог за избор.

По спроведентата административна селекција, проверката на веродостојноста на доказите и интервју, Државниот секретар на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администратција во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

**Државен секретар,**
**на Министерство за енергетика,**
**рударство и минерални суровини**
**Горан Јовановски**

Подготвил: Петар Богучевски

**Доставено до :**
-Избран кандидат,
-Агенција за администрација,
-Архива